Врз основа на член член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и членот 55 став 5, членот 65 став 3 и членот 184 став 7 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
# за утврдување на листа на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка и формата и содржината на информативниот документ за надоместоците и извештајот за надоместоците и нивните заеднички симболи

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат:

    1) листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка (во понатамошниот текст: листа на најрепрезентативни услуги) со стандардизирани термини и дефиниции, за кои потрошувачите плаќаат надоместок и кои ги дава барем еден давател на платежни услуги во Република Северна Македонија;
    2) формата и содржината на информативниот документ за надоместоците и неговиот заеднички симбол; и
    3) формата и содржината на извештајот за надоместоците и неговиот заеднички симбол.

2. Оваа одлука се применува на сите даватели на платежни услуги кои овозможуваат отворање, одржување и затворање на платежни сметки на потрошувачите.

3. За целите на оваа одлука „најрепрезентативни услуги" се услугите коишто потрошувачите најчесто ги користат, коишто ги изложуваат на најголем вкупен или поединечен трошок и коишто подлежат на надоместок кај најмалку еден давател на платежни услуги од точката 2 од оваа одлука.

## II. ЛИСТА НА НАЈРЕПРЕЗЕНТАТИВНИ УСЛУГИ

4. Листата на најрепрезентативни услуги ги содржи стандардизираните термини и дефиниции за следните услуги:

| | **Именување на услугата (термин)** | **Дефиниција** |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на платежна сметка | Давателот на платежни услуги одржува платежна сметка за потрошувачот со цел да му овозможи нејзино користење. |
| 2 | Онлајн користење услуги поврзани со платежна сметка | Давателот на платежни услуги му овозможува на потрошувачот користење на услугите поврзани со платежната сметка преку интернет, или со мобилна апликација. |
| 3 | Кредитен трансфер во денари во земјата | Потрошувачот дава инструкција на давателот на платежни услуги кој ја одржува неговата платежна сметка да изврши пренос на парични средства од неговата платежна сметка во корист на друга сметка, во денари. |
| 4 | Кредитен трансфер во евра во странство | Потрошувачот дава инструкција на давателот на платежни услуги кој ја одржува неговата платежна сметка да изврши пренос на парични средства од неговата платежна сметка во корист на друга сметка во странство, во евра. |
| 5 | Кредитен трансфер во валута различна од евро во странство | Потрошувачот дава инструкција на давателот на платежни услуги кој ја одржува неговата платежна сметка да изврши пренос на парични средства од неговата платежна сметка во корист на друга сметка во странство, во валута различна од евро. |
| 6 | Прилив од странство | Давателот на платежни услуги прима парични средства со кредитен трансфер од странство, со цел соодветниот износ на парични средства да се пренесе и да му се стави на располагање на потрошувачот. |
| 7 | Траен налог | Давателот на платежни услуги, во согласност со инструкција на потрошувачот, извршува редовни кредитни трансфери на фиксни / определиви износи на парични |

| | | |
|---|---|---|
| | | средства од платежната сметка на потрошувачот во корист на друга сметка. |
| 8 | Издавање дебитна картичка | Давателот на платежните услуги издава платежна картичка која е поврзана со платежната сметка на потрошувачот. За износот на секоја платежна трансакција направена со употреба на дебитната картичка, директно и во целост се намалува состојбата на расположливите парични средства на платежната сметка на потрошувачот, во кои е вклучено дозволеното пречекорување. |
| 9 | Издавање кредитна картичка | Давателот на платежните услуги издава платежна картичка која е поврзана со платежната сметка на потрошувачот. Вкупниот износ на трансакциите извршени со оваа картичка на договорениот датум во целост или делумно се задолжува од платежната сметка на потрошувачот. Давателот на платежните услуги може да пресмета и да наплати камата за искористениот износ, во согласност со договорот за издавање и употреба на кредитна картичка склучен со потрошувачот. |
| 10 | Повлекување готовина | Потрошувачот подигнува готовина од неговата платежна сметка. |
| 11 | Дозволено пречекорување | Врз основа на договорот за дозволено пречекорување, давателот на платежните услуги на платежната сметка на потрошувачот го става на располагање договорениот износ на средства што може да го користи потрошувачот кога на платежната сметка нема веќе сопствени парични средства. Во договорот за дозволено пречекорување се одредуваат максималниот износ на парични средства коишто може да ги позајми потрошувачот, како и надоместоците и каматите, доколку ги наплатува давателот на платежните услуги. |

5. Давателите на платежни услуги се должни да ги користат стандардизираните термини и дефиниции утврдени со листата на најрепрезентативни услуги во согласност со одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи во:
   1) Информативниот документ за надоместоците, чиишто содржина, форма и неговиот заеднички симбол се дадени во прилогот бр. 1, како составен дел на оваа одлука;
   2) Извештајот за надоместоци, чиишто содржина и форма и неговиот заеднички симбол се дадени во прилогот бр. 2, како составен дел на оваа одлука;
   3) Информациите до потрошувачите при огласување / објавување и преддоговарање на најрепрезентативните услуги, како и во договорите што ги склучуваат со потрошувачите и
   4) Податоците за надоместоците за најрепрезентативните услуги коишто се доставуваат до Народната банка на Република Северна Македонија**.**

6. Доколку давателот на платежни услуги, освен стандардизираните термини и дефиниции наведени во точката 4 од оваа одлука, користи и дополнителни објаснувања во врска со најрепрезентативните услуги, должен е да му ги приложи на потрошувачот во одделен документ.
   Доколку давателот на платежни услуги издава одделен документ согласно со став 1 од оваа точка, должен е при изработката на тој документ да ги следи структурата и редоследот на листата на најрепрезентативните услуги наведени во точката 4 од оваа одлука, а дополнителните објаснувања да ги формулира јасно, недвосмислено и разбирливо. Документот треба да биде лесно достапен за потрошувачот, на биде на хартија или на друг траен медиум, без надоместок и заедно со листата на најрепрезентативните услуги наведени во точка 4 од оваа одлука.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

7. Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија со упатство го пропишува начинот на изготвување и пополнување на информативниот документ за надоместоците, на поимникот и на извештајот за надоместоците.
   Упатството од став 1 на оваа точка ќе се донесе најдоцна во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

**О бр. 02-15/XX-1/2022**
**25 ноември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

Прилог бр. 1

Информативен документ за надоместоците

Назив на давателот на платежната сметка:
Назив на платежната сметка:
Датум:

Овој документ содржи информации за надоместоците за користење на главните услуги поврзани со платежната сметка. Ќе ви овозможи споредба на тие трошоци со трошоците на другите сметки.

Надоместоци може да се наплатуваат и за користење услуги коишто не се наведени во овој документ. Целосните информации се достапни на (наведете го називот на релевантните преддоговорни и договорни документи).
Поимникот со термините коишто се употребени во овој документ е достапен без надоместок.

| **Услуга** | **Надоместок** |
| --- | --- |
| **Општи услуги поврзани со сметка** | |
| Главна услуга (трговска марка)<br><br>Вклучува пакет-услуги коишто се состојат од: | **Надоместок** |
| | |
| **Плаќање (освен со картички )** | **Надоместок** |
| | |
| **Картички и готовина** | **Надоместок** |
| | |
| **Пречекорување** | **Надоместок** |
| | |
| **Останати услуги** | |
| | |
| **Пакет-услуги<br>(трговска марка)** | **Надоместок** |

| |
|---|
| Услугите коишто ги надминуваат наведените количини се наплатуваат одделно |

Информации за дополнителни услуги

Информации за надоместоци за услуги коишто ги надминуваат количините на услугата опфатена со пакетот -услуги ( без претходно наведени надоместоци )

| **Услуга** | **Надоместок** |
|---|---|
| (трговска марка) | |

| **Сеопфатен показател на трошоците** |
|---|

Прилог бр. 2

Извештај за надоместоците

**[Назив на давателот на платежната сметка]**
[Контактни податоци за давателот на платежната сметка]
**[Име на клиентот]**
[Контактни податоци]

| | |
|---|---|
| Платежна сметка | |
| Идентификациска ознака на платежната сметката | |
| | |
| Период | Од...до |
| Датум | |

Овој документ е преглед на сите надоместоци за услугите поврзани со Вашата платежна сметка за времетраење на наведениот период.
Во прегледот се наведени и сите камати што сте ги платиле или сте ги заработиле во овој период.
Информациите за поединечните трансакции и состојба на платежната сметка се достапни на изводите за сметката.

Сублимиран приказ на надоместоците и каматите

| | |
|---|---|
| „Вкупно пресметани надоместоци” (вкупни надоместоци за пакет-услуги и вкупни пресметани надоместоци) | [·] |

| | |
|---|---|
| Вкупно пресметани камати | [·] |

| | |
|---|---|
| Вкупно заработени камати | [·] |

| | |
|---|---|
| Сеопфатен показател на трошоците | [·] |

**Детален извештај за надоместоците пресметани за услугите поврзани со платежната сметка**

| Услуга | | Надоместок | | |
|---|---|---|---|---|
| Услуга | Колку пати се користела услугата | Единечна цена | Колку пати е наплатена услугата | Вкупно |
| **Општи услуги поврзани со сметката** | | | | |
| [·]<br><br>Вклучува пакет-услуги кој се состои од:<br><br>Услугите коишто ја надминуваат оваа количина се наплатени одделно. | | | | [·] |
| **Плаќање (освен со картички)** | | | | |
| | | | | [·] |
| **Картички и готовина** | | | | |
| | | | | [·] |
| **Пречекорување** | | | | |
| | | | | [·] |
| **Останати услуги** | | | | |
| | | | | [·] |
| **Вкупно пресметани надоместоци** | | | | [·] |

**Детален извештај на надоместоците вклучени во пакет-услугите**

| Пакет-услуги | Надомест | Колку пати е пресметана услугата |
|---|---|---|
| **Општи услуги поврзани со платежната сметка** | | |
| „**Услуги од пакетот**“ [трговска марка, по потреба]<br>Вклучува: | [·] | [·] |
| Услугите коишто ги надминуваат овие количини се пресметуваат одделно. | | |

**Детален извештај за каматата пресметана за услугите поврзани со платежната сметка**

| | Каматна стапка | Камата |
|---|---|---|
| | | [·] |
| **Вкупно пресметани камати** | | [·] |

**Детален извештај за каматата заработена на платежната сметка**

| | Каматна стапка | Камата |
|---|---|---|
| „Назив на сметката“ | | [·] |
| **Вкупно заработени камати** | | [·] |

| | |
|---|---|
| **Дополнителни информации** | [·] |